## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Четвртото продолжение на Сто и четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 декември 2005 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

**Љупчо Јордановски:** Почитувани колешки и колеги пратеници,

Пред да ја започнеме седницата сакам да ве информирам дека со големо жалење и чувство на болка денешната седница морам да ја започнам со сочувство до семејството на нашиот поранешен колега и сопартиец Благоја Стојковски или како што сите го знаеме Белчо. Прераната смрт на Белчо не може да го избрише споменот на секогаш ведриот и конструктивен пратеник, кој во два мандати од 1994 до 2002 година остави свој посебен белег во работата на овој парламентарен дом. За жал, подмолната болест го спречи со своето знаење и посветеност да продолжи да работи за доброто на сите и градење на просперитетна Македонија, за кои постојано говореше и несебично се залагаше.

Затоа, ве повикувам со минута молчење да му одадеме почит на нашиот колега пратеник Благој Стојковски-Белчо.

(Присутните во салата со едноминутно молчење му оддаваат почит).

Нека му е вечна слава.

Продолжуваме со работа по Сто и четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Зоран Крстевски, Кенан Хасипи, Рафет Муминовиќ, Али Ахмети, Теута Арифи,Љубе Бошковски, Никола Груевски, Силвана Бонева, Петар Наумовски, Љубчо Георгиевски и Абдулади Вејсели ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со утврдување на Предлогот на амандманите на Уставот на Република Македонија.

Преминуваме на утврдување на Предлогот на амандманот 30 на Уставот на Република Македонија.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Караџоски, имате збор.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе,

Продолжуваме со 30-тиот амандман, а овој амандман е делот каде што се уредува уставно надлежноста на Јавното обвинителство, неговите функции, основањето, укинувањето, меѓу другото и изборот и разрешувањето на јавните обвинители, поточно кој ќе ги избира, кој ќе ги разрешува. Факт е дека со овој амандман се следи онаа работа, односно се следи она што во претходните амандмани го усвоивме и на некој начин се оди на поголема независност, избегнување на политичкото влијание или што помалку влијание од страна на извршната и законодавната власт врз Јавното обвинителство како еден орган кој е уставно дефиниран.

Морам да напоменам дека амандманот 30 кој што сега го имаме во текстот на уставните амандмани или целата оваа материја која сега е регулирана со уставниот амандман се разликува од она што беше во Нацртот. И добро е што се разликува, затоа што Владата ги прифати сите оние забелешки кои произлегоа од дискусијата овде и од јавната расправа, целата материја да се регулира со еден член, поточно еден или два амандмани на Уставот, а целата друга работа, што се однесува до Јавното обвинителство да биде регулирана со закон.

Имаше доста голема полемика или дискусија или дилема како треба да бидат бирани јавните обвинители, поточно како треба да бидат разрешувани, односно дали Јавниот обвинител на Република Македонија треба да биде биран исто така од оној орган кој што овде носи наслов Совет на обвинители, или тој треба да се избере на поинаков начин, односно да го избира Собранието. Предлагачот се одлучи на варијантата Јавниот обвинител на Република Македонија да остане да се избира од страна на Собранието на Република Македонија со ограничен мандат, додека сите други јавни обвинители и заменици јавни обвинители да бидат избирани и разрешувани од страна на Советот на јавни обвинители. Новината овде во Уставот односно во овој уставен амандман е токму тој Совет на јавни обвинители, кој како орган ќе ги избира јавните обвинители, а не како до сега на предлог на Владата да ги избира или разрешува Собранието.

Во Нацртот на амандманите таа постапка на некој начин беше регулирана, кој би го сочинувал Советот, колку луѓе би го сочинувале Советот на јавни обвинители и тн. Сега овој амандман тоа го препушта на законска регулатива. На крајот на краиштата ќе видиме каков ќе биде тој закон, но во секој случај и добро е што е препуштено на законска регулатива, затоа што Советот на јавни обвинители во никој случај не може да биде на исто рамниште како Судскиот совет на Република Македонија, затоа што и во досегашниот текст на Уставот Судскиот совет е издвоен како уставна категорија, што не беше случајот со Јавното обвинителство. И нивната надлежност и организација е сосема друга.

Почитуван претседателе, почитувани колеги, направив компаративен преглед на поставеноста на јавните обвинителства во одредени региони и држави и би се потрудил на некој начин да кажам неколку зборови, за да биде појасна сликата дали предлагачот поднел добар предлог на амандман. Во таа компаративна анализа или компаративен преглед се дава каков е односот на Јавното

обвинителство да речеме со извршната власт, каков е со законодавната власт, односно судството што е најбитно, потоа кој ги избира јавните обвинители, по чија номинација и по кои критериуми, што исто така прашање што со овој амандман се регулира како новина.

Би почнал со односот на Јавното обвинителство со извршната власт. Има земји каде Јавното обвинителство е дел од извршната власт, дури и под директна надлежност на Министерството за правда. Тоа се следните земји: Голем дел од нив се и членки на Европската унија како Австрија, Белгија, Чешка, Данска, Франција, Полска, Турција, САД, Швајцарија и во овие земји Јавното обвинителство е дел од извршната власт. Јавните обвинители се именувани директно или идиректно од извршната власт, но откако ќе бидат именувани тие се целосно независни во Кипар, Малта, Словенија, Шпанија, Велика Британија и тн. Но има и земји каде Јавното обвинителство е тотално независно од извршната власт, а тоа се: Естонија, Финска, Унгарија, Норвешка, Словачка и тн. Дури, има примери каде Јавното обвинителство е интегрален дел од судската власт. Тоа е на пример во Холандија. За споредба, не е лошо ова да се знае, може да се види дека секоја земја има различен начин на уредување на Јавното обвинителство. Нашиот предлог или предлогот во амандманот 30 е тоа што Јавното обвинителство на свој начин е повеќе независно отколку дел од извршната власт или под негова ингеренција.

Каков би бил односот со законодавната власт? Да речеме, генерален јавен обвинител или кај нас именуван како јавен обвинител на Република Македонија, е одговорен на Парламентот во повеќе земји, потоа Парламентот може по нив да врши и изврши политички притисок врз министерот за правда со цел да влијае на одреден предмет. Генералниот јавен обвинител има обврска да го известува Парламентот за значајни работи од својата надлежност и тн, и тоа во огромен број на земји од Европската унија како Франција, Исланд, Италија, Холандија и да не ги набројувам сите други, што значи нешто слично како овој предлог што ние го имаме. Кај нас не се вика генерален јавен обвинител, значи Јавниот обвинител на Република Македонија е биран од законодавната власт. Значи не сме отстапиле, не сме избегале надвор од она што значи европско законодавство, иако во јавната расправа доста беше критикувана една ваква одредба. Дури имаме земји каде Јавното обвинителство на некој начин е дел од судската власт.

Ви сакал да наведам неколку примери како се избираат јавните обвинители, што е прашање кое заслучува доста внимание. Според амандманот 30, откако ќе се усвои нормално, јавните обвинители кај нас ќе бидат избирани од Советот на јавните обвинители кој во секој случај е независен орган, каде претпоставувам најмногу ќе доминираат јавни обвинители кои како кај Судскиот совет е од својата фела и ќе одлучуваат самите за својата надлежност. Добро е да се знае како тие се избираат во другите земји заради една компаративна анализа. Еве, да ја земеме за пример Данска, каде јавните обинители се именувани директно од министерот за правда. Кој оди во поголема реформа кога зборуваме за независност многу е очигледно, а сепак Данска е членка на Европската унија, ние ќе почекаме. Или на пример во Австрија, јавните обинители се именувани од претседателот на Републиката. Ако ме слушне нашиот претседател, ќе побара и тој барем тоа да може да го прави. Во Белгија тоа го прави кралот. Во Финска генералниот обвинител е именуван од претседателот на Републиката, додека сите други од Државниот совет. Значи таму има слична комбинација како кај нас, со таа разлика што претседателот на државата го избира генералниот јавен обвинител. Да не набројувам понатаму, слична е состојбата и во Франција и др.

Мандатот на јавните обвинители секаде е различен. Во САД тој е фиксен и трае четири години без право на реизбор или со право на реизбор. Исто така и во Англија, и во Велс, Швајцарија е ограничен на четири години. Во најголем број земји на Европската унија и земји во светот мандатот на јавните обвинители е ограничен. Нашиот предлог во амандманот 30 во ставот 5 е јавните обвинители да ги избира Советот без ограничување на траење на мандатот. Еве и овде како и кај судството имаме траен мандат.

Која беше целта на ова што го спомнував и кажував?

Сметам дека амандманот 30 во основа е добар, во основа ја движи Република Македонија во рамките на оние земји кои можеби имаат најсовремена или најприлагодена регулатива кога станува збор за Јавното обвинителство, за што поголема независност, за што поголема самостојност и услови и можности истите да си ја работат работата без никакви или минимум политички влијанија и тн.

Според тоа следејќи го и аналогно на амандманот 28, каде стануваше збор и за судската власт, сега и со Јавното обвинителство сметам дека со амандманот 30 предлагачот го прифати сето она што произлезе и од јавната расправа и мислам дека го зазема вистинскиот правец кога треба да се дојде до една вистинска регулатива, која понатаму ќе следи со закон, во која треба да имаме поквалитетно, посамостојно и поодговорно Јавно обвинителство, како би ги процесуирале сите оние дела или би ги гонеле сите оние криминални дејанија, за што во Република Македонија и те како има потреба.

Од тие причини почитуван претседателе ние имаме поднесено неколку амандмани. Во текот на расправата ќе се произнесеме по нив, но генерално амандманот 30 е прифатлив и веројатно ќе го поддржиме.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Рамадани имате збор.

**Исмет Рамадани:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувана госпоѓа министер.

Можеби според една инерција во неколку од предолжените амандмани од страна на Владата, од нашите дискусии и нашите интервенции како пратеници на ПДП, може да се стекне впечаток дека малку сме претерале со тоа колку и како треба да ве убедиме, измените, уставните измени во правниот сегмент да бидат што поквалитетни. Но, ние сме задолжени со дијалогот кој ќе го имаме врз основа на аргументите, се разбира и на денешнава седница, до крај да ги потрошиме нашите можности за да ја убедиме Владата и вас почитувани колеги дека во изборот односно именувањето на функционерите на судските органи односно во овој случај на Јавното обвинителство, за нас е од големо значење.

Секојдневицата не убедува што значи јавен обвинител или Јавен обвинител на Република Македонија. Состојбата и секојдневните моменти се повеќе ни укажуваат дека се зголемува товарот на оваа функција односно значењето на оваа функција. Затоа, ние и овој пат инсистираме во амандманот 30 кој е во однос на една проблематика во врска на начинот на именувањето на изборот и се разбира одговорноста на Јавното обвинителство заедно со Јавниот обвинител на Република Македонија инсистираме и интервенираме, значи именувањето на државниот, јавниот обвинител на Република Македонија, бидејќи ова се врши во овој Парламент, сите ние да имаме одговорност во именувањето и неговиот избор со нашиот глас. Но, тој наш глас, бидејќи имаме еден Парламент кој се одразува од националната структура во Република Македонија и тој глас да има иста тежина, ние неслучајно инсистираме изборот на Јавниот обвинител на Република Македонија да биде со Бадинтеровото мнозинство. Зошто инсистираме можеби овде повеќе и од другите случаи, бидејќи претседателот на Судскиот совет се избира од самите судии од тој Совет, иако ние инсистиравме и таму да се почитува начелото на Бадинтер, овде сега се работи за една функција која се предлага односно се избира во овој Парламет. Овде е пореалната можност и пологична можност и поодговорна се разбира за да го дадеме нашиот придонес во однос на изборот на Јавниот обвинител на Република Македонија.

Во овој случај мислам дека нашиот предлог може да ги пречекори малку подобро неколку недоразбирања или неколку несогласувања во овој момент кој ни се случуваат, бидејќи пред донесувањето или пред усвојувањето посои можноста на усвојувањето на еден амандман од страна на ВМРО Народна партија, парламентарната група на оваа партија, Јавниот обвинител да се избира со двотретинско мнозинство од вкупниот број пратеници. Исто така, постои несогласност на еден од коалиционите партнери, во случајот ДУИ, тогаш ние уште еднаш го реафирмираме нашиот предлог. Значи, Јавниот обвинител на Република Македонија помеѓу овие две недоразбирања да се избере по Бадинтеровиот принцип и ова, се разбира, уште еднаш ја дава можноста и дава значење на самата функција јавен обвинител на Република Македонија, јас ќе одам уште подалеку што е многу интересно и позитивно и е многу добро и пожелно да се одземат неколку бариери на сомнежи, бидејќи самата функција на јавен обвинител е за да ги штити интересите на државата, на крајот од краиштата. Утре зошто да не му се даде една можност на јавниот обвинител, за да бидам јасен, да биде и Албанец и тоа Јавен обвинител на Република Македонија. Значи, ова е тој облик и начин кој дава една можност кога се избира јавниот обвинител овде во овој Парламент, да се практикува Бадинтеровиот принцип кој ја дава оваа можност. Затоа, за да не говорам подоцна уште еднаш за нашиот амандман кој го поднесовме во амандманот 30 предложен од страна на Владата, овде би сакал да дадам мои образложенија односно нашите ангажмани како политичка паритја за да се избере јавниот обвинител на Република Македонија со Бадинтеровиот принцип, за што ќе одлучат мнозинството на гласови на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Манев имате збор. Повелете.

**Ефтим Манев:** Благодарам претеседателе, почитувани колеги пратеници, почитувана министерке.

По однос на амандманот 30 би сакал да го кажам следното.

Најнапред се направени напори и прогрес во унапредувањето во организационата поставеност на Јавното обвинителство. Бидејќи, имаше прилично укажување како во првата така и во втората фаза во изготвувањето и предлагањето на амандманите за измените на Уставот, па од тие причини сметам дека стигнавме до една подобра уставна формулација за уставното уредување на организацијата на Јавното обвинителство.

Квалитетно е што обвинителите имаат траен мандат и тоа вишите, основните обвинители, како и нивните заменици. Имаше проблеми со титуларот Јавниот обвинител на Република Македонија, што е предложено во амандманот 30. Во предложениот амандман на колегата Караџоски, каде што се предлага Јавниот обвинител на Република Македонија се бира со двотретинско монзинство, кој амандман сметам дека ќе биде прифатен од Владата, тоа е едно квалитетно решение, со тоа што, сепак, даваме можност Јавниот обвинител на Република Македонија како титулар во врв на обвинителската организација да биде по независен, што помоќен во извршувањето на

својата функција и во целина на обвинителската функција во Република Македонија.

Тоа го велам од причини што досегашното решение каде што обвинителот на Република Македонија се бираше со неквалифицирано мнозинство и истиот беше секогаш во можност да биде разрешен во секој момент од владеачките партии кои што се на власт, до колку истиот е непослушен или недисциплиран, не ги извршува налозите од некои од политичките партии која што е на власт односно која што ја има власта. Вака, мислам дека ќе биде јавниот обвинител далеку понезависен и помоќен, а со тоа ќе се приближиме до интенциите на Европската унија, а исто така и на желбите на сите политички паритии во Република Македонија кои се стремиме организираниот криминал, корупцијата и се она што потекнува и произлегува од политика, а е со висок криминал, не дозволува развој на државата, обвинителството да може со тој дел да се справи и да попречи такви девијантни дејствија, кои засега ги има прилично во Република Македонија.

Останува, се она што не е кажано, бидејќи амандманот е прилично отворен, недоречен, останува сето тоа да се дефинира со Законот за јавното обвинителство и тогаш би требало да покажеме големина при донесувањето на овој Закон, при изборот на јавниот обвинител, неговите функции.

Исто така, јас зборував како во првата фаза, така и во втората фаза на уставните амандмани исклучиво по овој амандман 30 за Јавното обвинителство, дека во одредени состојби ќе треба една поголема ширина како во законот за Јавното обвинителство, исто така по однос на постапувањето на јавниот обвинител, времето на постапувањето, кое што треба да биде поскратен тој рок, да нема јавниот обвинител некоја ширина да не се изјасни по одредени постапки по една година. Во таквите случаи, барем главно каде што се оштетени граѓани, а со тешки кривични дела да можат таквите граѓани преку своите бранители да ја преземат функцијата и да поведат истрага паралелно со јавниот обвинител и да изнудат од самиот обвинител дали тој ќе постапи благовремено или не, како што е денес барем со случајот од минатата година кога имаше една немила случка на плоштадот во Скопје, каде што загина една млада девојка Кметовска. Обвинителството скоро една година не може да поведе постапка, што сметам дека таквото нешто самиот обвинител, веројатно, го попречувале некакви сили во тоа. Сметам дека не се работи за тоа да не може да се дојде до докази во постапката и да се поведе постапка или да се покрене обвинение, туку сето тоа е направено од субјективни причини, надворешни кои му влијаеле на обвинителот и веројатно истиот се двоумел во таквото нешто.

Во тој дел сметам дека ова Собрание ќе има, овој состав на пратеници, можност при донесувањето на Законот за јавните обвинители да овозможи слобода на самите обвинители во нивното делување, па дури да се најде место во самиот закон, заштита на обвинителите кога нешто ќе видете како една лоша состојба ќе биде обвинителството ако нема посебна полиција која ќе го штити. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓа Којзеклиска повелете.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе.

Јас ќе се трудам да не се повторувам во она што го кажаа предходните колеги. Но, би сакала да кажам еден многу важен податок, се надевам дека колегите ќе го сватат ова во позитивна конотација во однос на подршка на амандманот, посебно во делот, добро е што после 14 години од донесувањето на Уставот на Република Македонија увидовме дека јавното обвинителство носителите на јавно обвинителската функција немаат уставен основ. Значи, правната положба на носителите на јавно обвинителската функција во Република Македонија за овие 14 години не е целосно уредена на начин како што е уреден надлежноста или организацијата на судството.

Сето ова, почитувани колеги, ме доведува во прашање, всушност, досегашната работа на јавните обвинители, замениците, вишите јавните обвинители и нивните заменици се избирани врз основа на закон, но закон кој нема уставен основ во правниот поредок во Република Македонија.

Постојниот член 106 кој се менува со амандманот 30 од Уставот само укажува дека јавното обвинителство е единствен самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични дела и на други со закон утврдени казниви дела и врши други работи утврдени со закон. Ставот 2 кој го менуваме со овој амандман вели дека јавното обвинителство ги врши своите функции врз основа и во рамките на Уставот и закон и ставот 3 вели дека јавниот обвинител го именува и разрешува Собранието за време од шест години.

Значи, ќе повторам, ние досега не сме имале уставен основ за носителите на јавно обвинителската функција. И, добро е што од страна на Владата конечно му се дава една уставна основа на целата јавно обвинителска функција и на нивните носители, но и проширување на основот со сите оние ратификувани документи кои стануваат составен дел од нашиот правен поредок и врз основа на кој поради зголеменит криминал и меѓународен и национален и поради зголемено ниво на корупција, треба да биде мотивирачко за јавните обвинители да ја вршат основната функција, која и е утвредена со закон, а тоа е да ги гонат сторителите на кривичните дела и да поднесуваатсите оние неопходни документи кои се потребни или да испитуваат доколку се појави одреден основ за сомнение дека  има постоење на кривично дело утврдено со закон.

Јас сметам дека амандманот 30 вака како што е формулиран генерално е добар, но забелешката која е дадена од страна на пратеникот Караџоски за надлежностите, основањето, укинувањето,

организацијата и функционирањето на јавното обвинителство да се уреди со закон кој треба да се донесе со двотретинско мнозинство гласови, апсолутно ја подржувам. За тоа колегата има поднесено амандман.

Како што рече колегата Манев, оставен е основ за да можат сите оние недоречености, значи уставен основ, да можат да се доуредат со закон.

Ова е неопходно потребно, почитувани колеги, од досегашното искуство кое го имаме со јавно обвинителската функција со јавниот обвинител на Република Македонија како највисок по функција орган во оваа структура и сега се прашувам од досегашното искуство, ние какво судство имавме. А, еден од столбовите во овој период, значи 14 години независност на Република Македонија, кога јавно обвинителската функција ја вршат носители кои немаат уставен основ, само врз основа на закон кој нема уставна основа работеле во судството.

Мислам дека апсолутно се очекувани оние резултати кои ние ги имаме во судството, ако се знае дека еден од столбовите на правосудниот систем е Јавното обвинителство.

И една друга работа. Се надевам дека во иднина, по изгласувањето на амандманот и по донесувањето на законите во делот на Јавното обвинителство, ќе имаме можност да видиме како јавниот обвинител на Република Македонија си ја врши функцијата како што си ја врши, бидејќи до сега не видовме вршење на Јавно обвинителска функција и дека тој ќе ги мотивира останатите виши јавни обвинители, основни јавни обвинители и нивни заменици, во квалитетно извршување на нивната работа, како урнек, за да можат да ја вршат нивната јавна обвинителска функција.Така што сметам дека со овој амандман, добро е, ќе повторам, после 14 години ние му даваме Уставен основ на јавно обвинителската функција.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам господине претседател, почитувани пратеници, почитувана госпоѓо министер,

Ние како Парламентарна група или како партија секогаш сме поддржувале измени во оваа земја, независно какви биле тие измени. Во овој случај поддржуваме измени во судството, бидејќи сме убедени дека со овие измени и тоа што е настојување и наша тенденција како Парламентарна група, меѓутоа, и како партија, ќе овозможиме да имаме судство кое ќе биде независно и деполитизирано. Во овој контекст, ние мислиме дека независноста на судската власт, како и на јавните обвинители и од друга страна нашето настојување да даде политизација на овие власти.

Ние како прламентарна група ќе го поддржиме амандманот 30, се разбира и сите други амандмани кои се предложени од страна на Владата, бидејќи сме убедени дека со ова ќе помогнеме во судството, ќе помогнеме на вистина нешто да се измени во оваа област, бидејќи мислиме дека тоа не само што е интерес на државата, туку е и барање од меѓународниот фактор, барање на граѓаните на Република Македонија.

Исто така, ние сме свесни дека операционализацијата на овие измени може да се направи преку донесувањето на законите, како што се Законот за судството, за јавното обвинителство и Советот на јавните обвинители.

Исто така убедени сме и свесни дека во минатото, застапувањето на етничките заедници било изразено на симболичен начин во овие органи. Ние мислиме дека механизмот на Бадинтер кој функционира во Собранието и мислиме дека тој преку Собранието ги дава првите резултати, етничките заедници колку што е можно да бидат повеќе застапени на соодветен начин, затоа што ние како парламентарна група и како партија, со правичното застапување не сме задоволни и мислиме дека во законите кои претходно ги спомнав, секако дека механизмот на Бадинтер треба да се пренесе во овие органи, бидејќи само тоа е гаранција дека навистина нешто ќе се измени за доброто на судстовто.

Уште еднаш ќе нагласам, ние како парламентарна група, не само амандманот 30 туку ќе ги поддржиме сите други амандмани, мислејќи и при тоа ќе бидеме и сме убедени дека тоа е за доброто на сите граѓани на Република Македонија, првенствено и се разбира за доброто на сите етнички заедници.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на амандманот 30 на Уставот на Република Македонија.

Пратеникот Жарко Караџоски поднесе амандмани на точка 1 ставови 3 и 8 и на точка 1 за бришење на став 6, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани поднесоа амандмани на точка 1, за менување на став 4, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Зоран Томиќ и Ристе Бислимовски, поднесоа амандман на точка 1 за додавање нов став 11 по ставот 10 и на точка 2 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на точка 1 ставови 3 и 8 на текстот на Предлогот на амандманот 30, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓа Младеновска.

Господине Караџоски што сакате, процедурално или. . .

Повелете имате збор.

**Жарко Караџоски:** Претседателе не слушнав како прочитавте, меѓутоа. . .

**Љупчо Јордановски:** Отворам претрес по амандманот на точка 1 ставови 3 и 8 на текстот на Предлогот амандманот 30.

**Жарко Караџоски:** Почитуван претседателе, пред да се изјасни министерот за правда сакам да го корегирам поднесениот амандман.

Останувам на поднесениот амандман во делот на ставот 3, додека во делот на ставот 8 амандманот го повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Сега јас ќе ви го прочитам поинаку овој амандман.

Отворам претрес по амандманот на точка 1 став 3 на амандманот 30 поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на  Владата да се произнесе.

Повелете госпоќа Младеновска.

**Мери Младеновска - Ѓеорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на точка 1 за менување на став 4 на текстот на Предлогот на амандманот 30, поднесен од пратениците Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор.

Повелете господине Рамадани имате збор.

**Исмет Рамадани:** Со амандманот со кој интервенираме, уште еднаш ќе повторам, интервенираме во став 4 каде инсистираме Јавниот обвинител на Република Македонија да се бира со Бадинтерово мнозинство.

Образложение за тоа е дека застапеноста на етничките заедници во Обвинителството се уредува со став 6, така што било какви закони кои ќе ги донесеме, засновајќи се на овој амандман 30, знаеме дека самиот став 6 оваа работа ја уредува и го уредува амандманот 6, на крајот на краиштата. Но, ние со овој амандман сакаме да уредиме нешто друго и треба да бидеме јасни и за другите кои изгледа не го разбрале овој наш амандман, а нашиот  амандман се однесува на начинот на изборот на Јавниот обвинител на Република Македонија, со Бадинтерово мнозинство.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот на амандманот.

Амандманот го ставам на гласање, ве повикувам да гласаме.

Гласаа 52 пратеника, тројца гласале за, тројца воздржани 46 против.

Службите нека го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата беа присутни 70 пратеници кога се гласаше за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на точка 1 за бришење став 6 на текстот на Предлогот на амандманот 30, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска-Ѓеорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Караџоски:

**Жарко Караџоски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Амандманот на точка 1 став 6 се однесува, како ид ругите претходни амандмнани што ги имав во рамките на другите  уставни амандмани, на она што значи соодветна и правична застапеност.

Се обидував да го убедам парламентарното мнозинство и предлагачот дека принципот на правична и соодветна застапеност е веќе уставна категорија регулирана во амандманот 6 и дека тоа се однесува на сите нивоа кога станува збор за уставна категорија. И тогаш и сега тврдам, нема потреба од веќе еднаш дефинирано уставно начело или уставна категорија, во секој амандман да се повторува. Според тоа, предлагачот ја задржал праксата, значи ако се зборува за Судски совет да има правична застапеност, ако се зборува за избор на судии да има правична застапеност, ако се зборува за Јавно обвинителство да постои правична застапеност. Значи повеќе пати во повеќе наврати се повторува еден исти амандман или еден исти текст кој веќе е уставна категорија. Логично би било, доколку вака се регулираат кога во некоја законска материја би било тоа. Но, во уставна материја повеќе пати да се повторува еден исти текст, мислам дека правно е неодржано.

Меѓутоа, со оглед на тоа што знам каков ќе биде исходот од гласањето, кога во претходните наврати не успеав да го убедам парламентарното мнозинство, не верувам дека тоа ќе го направам сега, амандманот на став 6 во точка 1 го повлелкувам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на точка 1 за додавање нов став 11 по ставот 10 и на точка 2 на текстот на Предлогот на амандманот 30, поднесен од пратениците Зоран Томиќ и Ристе Бислимовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда. Повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на амандманот 30 на Уставот на Република Македонија.

Дали некој бара збор.

Повелете господине Китаноски.

**Илија Китаноски:** Сакам да го искажам ставот на пратеничката група на ВМРО - ДПМНЕ дека треба да го поддржи овој амандман од едноставна причина што смета дека функционирањето, надлежностите основањето, укинувањето, организацијата на Јавното обвинителство, се уредува со закон. Суштината на целиот амандман се состои од ставот 2 односно 3 на членот 1 од овој амандман, така што сметам дека предлагачот непотребно оваа проблематика ја воведува во уставна категорија. Суштината практижно ќе се сведе на тоа дека сите овие промени кои би се внеле во функционирањето и воопшто во организацијата на Јавното обвинителство, се уредуваат со закон, што е констатирано и во самиот амандман и тоа само по себе покажува дека сите останати одредби, самиот третман на Јавното обвинителство во Уставните амандмани, воопшто не навлегува и не суштински придонесува или не придонесува во независноста и реформите во судството и судскиот систем. И ако е само една страна во судските постапки, би требало тогаш да следува некој амандман за реформа, веројатно и на Адвокатската комора или нешто слично. Од тие прижини ВМРО-ДПМНЕ нема да го поддржи овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи немам пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на амандманот 30 на Уставот на Република Македонија.

Ве потсетувам дека предлогот на амандманот Собранието го утврдува со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат внатре.

Преминуваме на гласање за утврдување на Предлогот на амандманот 30 на Уставот на Република Македонија.

Текстот на Предлогот на Амандманот 30 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

81 пратеник гласаа, 72 за, 4 воздржани, 5 против.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди Предлогот на амандманот 30 на Уставот на Република Македонија.

**Преминуваме на утврдување на Предлогот на амандманот 31 на Уставот на Република Македонија.**

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор.

Повелете господине Голомеов.

**Благој Голомеов:** Сакам на кратко да ги изнесам своите видувања за амандманот 31, бидејќи сметам дека се поставува прашањето колку е прикладен и колку е во функција на она што сакаме да го постигнемем со овие уставни измени кои ги донесуваме, а кои се однесуваат во делот на обвинителството. Имено за што се работи:

Сметам дека со ваков амандман можеби нема да го постигнеме соодветниот ефект, туку напротив можеме и да ја пасивизираме фелата што значи Обвинителство и тоа во услови кога сакаме да ја интензивираме борбата против корупцијата и криминалот и сите девијантни појави.

Амандманот 31 предвидува имунитет само за јавниот обвинител на Република Македонија, додека воопшто не предвидува никаков имунитет за останатите обвинители кои се најмногу и ангажирани во откривањето на сите девијантни појави. Тоа значи дека со секоја отфрлена кривична пријава или секоја ослободителна пресуда од страна на било кој суд, секој од обвинителите може да биде во ситуација да биде дужен. Затоа и јавната расправа покажа дека е добро, во поглед на имунитетот на обвинителите да се предвиди така наречен функционален имунитет кој ќе биде поврзан со делокругот на нивната работа.

Имајќи го тоа предвид, јас очекував дека Владата ќе поднесе амандман. Меѓутоа, бидејќи тоа не го стори до овој момент, мислам дека е добро да се прифати амандманот на господинот Зоран Томиќ и Ристе Бислимовски, со што се брише овој амандман и имунитетот на обвинителите да се регулира со закон што ќе биде донесен, односно со Законот за обвинителството. Верувам дека со тоа ќе ја исправиме оваа грешка што е на повидок, бидејќи навистина сум убеден дека на овој начин нема да придонесеме во интензивирањето на борбата против корупцијата, против сите девијатни појави, односно, напротив, во суштина ќе ја пасивизираме работата на јавните обвинители.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Јашари повелете, имате збор.

**Аднан Јашари:** Господине претседател,

Би сакал и јас да кажам два-три збора во однос на овој амандман или по текстот на овој амандман, со кој што се предвидува можноста Јавниот

обвинител на Република Македонија да ужива имунитет.

Според мое мислење, или да кажам накратко, освен тоа што го кажа мојот претходен говорник, господинот Голомеов, не сакам ништо друго да кажам, но сепак, според мојата проценка, имајќи ја предвид функцијата на Јавниот обвинител, чија основна функција е гонење на вршителите на кривични дела и во овој контекст да му се даде функционален имунитет, мислам дека не е во ред. Пред се и над се мислам, ова го има докажано, барем според информацијата што ние ја имаме во однос на јавната расправа што се одвиваше по амандманите и дискусиите што се одвиваат по соодветниот амандман, според информациите што ги поседувам, сите биле за тоа да и јавните обвинители, без оглед на нивниот ранг, барем да имаат можност да поседуваат функционален имунитет.

Во согласност со ова што е предвидено во овој текст, овој имунитет, ќе повторам уште еднаш, се предвидува само за Јавниот обвинител на Република Македонија, меѓутоа не и за другите јавни обвинители. Во оваа насока, како што кажа и претходниот говорник, ќе повторам јас, би било добро да се поддржи предложениот амандман во однос на текстот на овој амандман.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благдоарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на амандманот 31 на Уставот на Република Македонија.

Пратениците Зоран Томиќ и Ристе Бислимовски поднесоа амандман за бришење на Амандманот 31, по кој што Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за бришење на Амандманот 31, поднесен од пратениците Зоран Томиќ и Ристе Бислимовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, госпоѓа Младеновска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен.

Овде можам да кажам дека станува составен дел на текстот на амандманот. Тоа значи дека овој Амандман се брише комплетно.

Отпаѓа и претрес по текстот на Предлогот на амандманот.

Тоа значи, господа пратеници, сите кои сте надвор, во Клубот, некаде во ходниците, ве молам да влезете во салата.

Бидејќи Предлогот на амандманите 20,21,22,23,24,25,26,27,28,29 и 30 на Уставот на Република Македонија, што Собранието го утврди поединечно, го ставам на гласање во целина.

Ве потсетувам дека Предлогот на амандманите во целина Собранието го утврдува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Ги молам уште еднаш сите пратеници кои не се во салата да влезат.

Сакам сите пратеници да бидат присутни. Не е битно што треба 61 за гласањето.

(Пратеници влегуваат во сала).

Сите амандмани од 20-от до 30-от во целина...

(Пратеникот Марјан Ѓорчев бара збор процедурално).

Повелете господине Ѓорчев процедурално.

**Марјан Ѓорчев:** Кај вас бевме договорени, пред да го ставите на гласање, по можност секоја од пратеничките групи да се роизнесе како ќе гласа. Ни го одземате тоа право со вакво терање на работата.

**Љупчо Јордановски:** Кога тоа се договоривме?

**Марјан Ѓорчев:** Кога бевме последен пат на договор со премиерот.

**Љупчо Јордановски:** Тоа беше за последниот амандман. Тој последен амандман се избриша.

**Марјан Ѓорчев:** Зборувам во целина за пакетот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманите од 20 до 30, како целина ги ставам на гласање во целина и ве повикувам да гласаме.

Од 91 пратеник гласале 82 пратеници, 1 воздржан, 8 проив.

Констатирам дека Собранието го утврди Предлогот на амандманите 20,21,22,23,24,25,26,27,28,29 и 30 на Уставот на Република Македонија.

Според Деловникот или досегашната пракса, објавувам пауза од половина час за да ви биде поделен Предлогот на амандманите, пречистен текст, со сите прифатени измени што пред малку ги утврдивме, за да можеме да преминеме на втората точка од дневниот ред, тоа е конечно гласање со 2/3 мнозинство по амандманите.

Објавувам пауза од половина час.

(Пратениците отидоа на пауза во 12,09 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,00 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

**Втора точка почитувани пратеници е донесување на амандманите 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29 и 30 на Уставот на Република Македонија.**

Предлогот на амандманте на Уставот на Република Македонија ви е поделен за време на паузата.

Согласно член 131, ставови 3 и 4 од Уставот на Република Македонија и член 208 од Деловникот на Собранието, Одлука за измена на Уставот, се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, освен за Предлогот на амандманот 28, за кој е потребно и мнозинство

гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија.

Преминуваме на донесување на амандманите на Уставот на Република Македонија.

Предлог на амандманот 20 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 94 пратеника, 87 за, нема воздржан, 7 против.

Констатирам дека Собранието го донесе амандманот 20 на Уставот на Република Македонија.

Предлогот на амандманот 21 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 96 пратеника, 88 за, нема воздржан, 8 против.

Констатирам дека Собранието го донесе амандманот 21 на Уставот на Република Македонија.

Предлогот на амандманот 22 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 96 пратеника, 88 за, нема воздржан, 8 против.

Констатирам дека Собранието го донесе амандманот 22 на Уставот на Република Македонија.

Предлогот на амандманот 23 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 96 пратеника, 88 за, нема воздржан, 8 против.

Констатирам дека Собранието го донесе амандманот 23 на Уставот на Република Македонија.

Предлогот на амандманот 24 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 96 пратеника, 88 за, нема воздржан, 8 против.

Констатирам дека Собранието го донесе амандманот 24 на Уставот на Република Македонија.

Предлогот на амандманот 25 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 94 пратеника, 86 за, нема воздржан, 8 против.

Констатирам дека Собранието го донесе амандманот 25 на Уставот на Република Македонија.

Предлогот на амандманот 26 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 96 пратеника, 88 за, нема воздржан, 8 против.

Констатирам дека Собранието го донесе амандманот 26 на Уставот на Република Македонија.

Предлогот на амандманот 27 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 97 пратеника, 88 за, 1 воздржан, 8 против.

Констатирам дека Собранието го донесе амандманот 27 на Уставот на Република Македонија.

Пред да преминеме на гласање на Предлогот на амандманот 28, ве потсетувам дека согласно член 131 став 4 од Уставот на Република Македонија овој амандман се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците, што не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на амандманот 28 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 96 пратеника, 87 за, нема воздржан, 9 против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на амандманот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на амандманот, молам да крене рака?

Кој е против, молам да крене рака? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Од вкупно 35 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, за Предлогот на амандманот гласаа 21 пратеник, против нема, и воздржани нема.

Констатирам дека Собранието го донесе амандманот 28 на Уставот на Република Македонија.

Предлогот на амандманот 29 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 96 пратеника, 87 за, 1 воздржан, 8 против.

Констатирам дека Собранието го донесе амандманот 29 на Уставот на Република Македонија.

Предлогот на амандманот 30 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 97 пратеника, 88 за, 1 воздржан, 8 против.

Констатирам дека Собранието го донесе амандманот 30 на Уставот на Република Македонија.

**Минуваме на точката 3 - Прогласување на амандманите 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29 и 30 на Уставот на Република Македонија.**

Согласно член 131 став 5 од Уставот на Република Македонија и член 209 од Деловникот на Собранието, донесува Одлука за прогласување на амандманите на Уставот со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија.

Предлагам Собранието да ја донесе следната одлука: Врз основа на член 131, став 5, од Уставот на Република Македонија , Собранието на Република Македонија на седница одржана на 7 декември 2005 година донесе Одлука за прогласување на амандманите 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29 и 30 на Уставот на Република Македонија.

Се прогласуваат амандманите 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29 и 30 на Уставот на Република Македонија, што Собраниеот на Република Македонија ги донесе на седницата одржана на 7 декември 2005 година.

Предлогот на Одлуката за прогласување на амандманите 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29 и 30 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 96 пратеника, 88 за, нема воздржан, 8 против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на Одлуката со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на Одлуката, молам да крене рака?

Дали има некој против? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Од вкупно 35 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, за Предлогот на Одлуката гласаа 21 пратеник, против нема, и воздржани нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за прогласување на амандманите 20,21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29 и 30 на Уставот на Република Македонија.

(Аплауз)

**Минуваме на точката 4 - Предлог за донесување на Уставен закон за спроведување на амандманите од 20 до 30 на Уставот на Република Македонија, со Предлог на Уставен закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Согласно член 133, став 2 од Уставот на Република Македонија, Собранието донесува Уставен закон за спроведување на амандманите на Уставот на Република Македонија со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на Уставниот закон.

Молам, кој бара збор?

Господине Китаноски, повелете.

**Илија Китаноски:** Господине претседателе, почитувани колеги, госпоѓо министер за правда,

Дозволете ми да го искажам ставот на ВМРО-ДПМНЕ, во врска со Уставните амандмани.

**Љупчо Јордановски:** Вие господине Китаноски ќе го кажете ставот по Уставниот закон, бидејќи тоа е точка на дневен ред сега.

**Илија Китаноски:** Господине претседателе, кажав дека ќе го кажам и ставот во врска со Уставниот закон.

**Љупчо Јордановски:** Добро, имате право на прва дигресија од минута ипол. Повелете.

**Илија Китаноски:** Почитувани колеги, во мислењето на Европската унија, нашата криза во судството е посочена како приоритетно прашање на идните реформи. Ова сознание е присутно и кај нас. Но, Владата на Република Македонија направи тежок превид кога Уставот на Република Македонија го посочи како причина за лошата состојба во судството и неопходната судска реформа ја насочи кон менување на Уставот на Република Македонија.

Од друга страна, неодминлив е заклучокот дека намерата на Владата е насочена и кон тоа да обезбеди Уставно овластување на државната управа да превземе дел од судските надлежности, со што се нарушува балансот на власта и се повредува уставното начело за поделба на власта.

Предложените амандмани, не само што не ја обезбедуваат посакуваната судска реформа, туку имаат ретроградна насока, ја ограничуваат независноста на судската власт и судиите, подведувајќи ја судската власт, под изразито влијание на извршната и законодавната власт. Сето ова се потврдува и со фактот што некои амандмани се спротивни со меѓународните документи, со кои што се утврдени стандардите за независно, непристрасно и ефикасно судство.

**Љупчо Јордановски:** Господине.

**Илија Китаноски:** Со сиот ентузијазам би гласале за предложените амандмани кога тие би биле вистинска уставна основа за толку потребната судска реформа.

**Љупчо Јордановски:** Господине Китаноски, ве молам, држете се до дневниот ред, имате уште три минути и ви давам дозвола тоа да го кажете.

**Илија Китаноски:** Објаснете ми господине претседателе по што не се држам по точката на дневниот ред.

Па, која е темата?

**Љупчо Јордановски:** Ве молам потивко. Уште три минути ви давам да се искажете.

**Илија Китаноски:** Уверени сме значи, дека доколку предложените амандмани бидат усвоени и прогласени и по 6 месеци кога ќе се пристапи кон изготвување на законите за судството, на површина ќе излезе сета противречност на предложените амандмани и неопходно ќе се јави потребата за рехабилитирање на сега важечките уставни одредби за судството, а повторното менување на Уставот, ќе се наметне како неопходна потреба.

Исто така, не можеме да замижиме пред фактот дека нашиот Устав повеќе пати бил предмет на меѓународни набљудувања и бил позитивно оценет, дури и со уставни признанија за уставната концепција за судството. Како што не можеме да замижиме ни пред фактот дека предложените амандмани под привидна форма за целосна деполитизација на судството чинат обид да се создаде партиско судство.

На крајот, бидејќи ќе ме прекинете, последните случувања со одлагањето на продолжението на седницата два пати, дополнителните политички пазарења со ДУИ и ЛДП, но и со ВМРО-Народна партија, ни даваат за право во нашето тврдење дека Владата нема концепт за независно и ефикасно судство и, практично целата постапка на уставни промени ја девалвира на ниво на дневно политички пазарења меѓу СДСМ, ВМРО-Народна партија, ДУИ и ЛДП.

Предложените уставни амандмани нема да ја обезбедат посакуваната судска...

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, исклучете го.

Господине Китановски ве молам, ве молам.

Господа, јас мислам да се откажеме сите, ве молам, да се откажеме сите, фино завршивме во една атмосфера, ова нека го сфатат граѓаните како што треба да го сфатат, ве молам. Има прилика, ве молам, јас ве молам. Може само еден, ако треба. Еве по еден од пратеничка група.

Господине Трендафилов дали ќе бидете краток? Еве по една минута секој нека има право да се искаже.

Знам дека за една минута сме способни да ја кажеме највистинската работа.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Почитувани колеги пратеници од редовите на ДПМНЕ, навистина сум уморен од оваа ненормална хајка која ја водите во поглед на тоа што ја прави пратеничката група на ВМРО-Народна партија во поглед на измените кои беа овие денови на дневен ред.

Велите дали имаше договарања? Па, зарем не ви е јасно дека ние се наоѓаме во Парламент. Зарем досега не успеавме да сфатите дека Парламентот е место каде различни политички опции кои понекогаш и максимално се исклучуваат, Парламентот е оној медијатор кој овозможува различните политички опции да се спојат или барем да се најде заеднички компромис.

Зарем не успеавте за овие 4 години без малку да сфатите дека, зборувајќи исклучиво во прво лице еднина и множина од позиции неисклучивост и постојано викајќи како онаа приказна "Фатете го крадецот" дека потполно ја промашувате поентата на Собранието. Дека целта на овој Парламент, затоа сме избрани овде, не е затоа што ВМРО-Народна партија се договара со СДСМ. Секако дека ќе се договориме. Ние сме 13 луѓе овде, сакаме да ни помине еден амандман. Кој е другиот капацитет на пратеничката група на ВМРО - Народна партија освен да се обиде да изгради некаков политички став да оствари свој политички бенефит. Зарем вие мислите дека овде не се остваруваат политички бенефити? Погледнете што правите вие постојано. Што зборувате овде? Зборувате за да штитите нечии туѓи интереси, или да ги заштитите сопствените програми кои се обидувате да ги истакнете.

**Љупчо Јордановски:** Пораката е јасна, има уште кои ќе одговорат. Благодарам.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Само уште ова, ако вие не успеавте ова за без малку 4 години да го сфатите, тогаш уште 400-тини години да седите овде не можете да сфатите дека политиката на исклучивост не е политика. Ова е Парламент, парламентот е место каде што општеството генерирало да се приближуваат различни политички опции во интерес на државата. Во овој случај станува збор за Република Македонија.

Јас не сум воодушевен како и повеќето овде од овие амандмани, но ова е резултат на компромис, на политички компромис.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Трендафилов.

Повелете господине Караџоски, една минута, ве молам, вие сте луциден и можете тоа во една минута да го кажете.

**Жарко Караџоски:** Почитуван претседателе, дозволете ми да го искажам ставот на пратеничката група на ВМРО-Народна партија.

Морам јавно да кажам пред сите дека на ВМРО-Народна партија и е задоволство што учествуваше и што гласаше за, за овие уставни амандмани и ни е исто така задоволство што во континуитет од првата фаза, па до ден денеска до последната фаза дадовме значаен придонес за доаѓањето на овој текст. Ние од тоа не се срамиме и ние од тоа не бегаме.

Јавно пред целата македонска јавност ќе кажам дека ВМРО-Народна партија воопшто не правела политички пазарења. За тоа нема потреба. А, политички договори да, меѓутоа, од зборот "пазарење" и "договори" има голема разлика, впрочем не е случајно зошто уставните амандмани се носат во три фази ако не постои договор и не е случајно зошто е предвидено двотретинско мнозинство ако нема договор.

Што требаше колеги од ДПМНЕ да направиме да го слушаме она што ни го предложи Владата од почеток и ние само да кренеме рака. Се договоривме, тука се амандманите кои ги

поднесувавме и тоа е нормално во секоја политичка демократија.

Друго да ви пренесам овде пред целата македонска јавност. Тоа што вие го мислите не значи дека сте во право. За разлика од ДПМНЕ, ВМРО - Народна партија гледа многу подалеку. Вие гледате тука пред вас и мислењето и ставот на ВМРО - Народна партија погледнете го во однос на целата јавност во Република Македонија, стручната јавност, сите оние кои дадоа забелешки и оние кои ги поддржаа овие уставни амандмани. Дали нешто ќе биде така или вака, ќе каже времето. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Алити, вашите три минути.

**Рафис Алити:** Благодарам господине претседател.

Навистина за цело време ги следевме пратениците од ВМРО-ДПМНЕ било во расправите што ги имале, било на овие седници, за цело време обвинуваат дека со овие измени не се нуди независно судство. При нашето произнесување рековме дека наша цел и наш ангажман е судовите и реформите да одат во таа насока, навистина нешто да измениме во однос на судството затоа што, доколку со секој граѓанин направиме анкета и поставиме прашање, секој ќе се произнесе за овие измени.

Пратениците од ВМРО, но и господинот не понуди ниту еден аргумент во оваа насока зошто се против овие измени кои денеска се изгласаа. Се говори за еден концепт, но досега не понудија ниев концепт.

Исто така се кажа дека имало политички пазарења, јас ќе повторам дека ние немавме политички пазарења, туку направивме политички договор, што е нормално, кога се говори за уставни измени.

Во оваа насока мислам дека пратеникот треба да ги разликува овие две работи. ДУИ беше и е подготвена секогаш тоа што е од интерес на граѓаните, тоа што е од интерес на оваа држава да го поддржи, се разбира да го поддржи со аргументи, а пратениците од ВМРО - ДПМНЕ до сега не понудија, буквално ниту еден аргумент зошто се против уставните измени.

Јас жалам, но верувам дека и на нив им е јасно дека би било подобро и тие да ги поддржеа овие уставни измени и навистина тоа што е стремеж на ова Собрание и барање на граѓаните да имаме едно независно судство во иднина. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Кондарко, три минути.

**Борис Кондарко:** Благодарам господине претседателе.

Значи, за господинот Китаноски и за неговата партија која не ги поддржа уставните амандмани, господине Китановски гласањето, негласањето, поддршката, неподдршката е сосема едно нешто, меѓутоа, факт е и јас го сфаќам вашето чувство на изолираност и самоизолираност кое самите си го наметнавте со овој политички чин на неподдршка на уставните амандмани како пред домашната така и пред меѓународната јавност и меѓународната заедница се оквалификувавте како ретроградни, како партија која не го фати приклучокот со прогресивните сили во Република Македонија и затоа одговорноста е само на ДПМНЕ и единствено на ДПМНЕ за тоа.

Поради тоа, јас ги сфаќам вашите нервозни реакции. Меѓутоа, нешто многу побитно во овој Парламент, цела недела додека траеше расправата по уставните измени вашиот претседател на вашата политичка партија и пратеник господинот Никола Груевски не најде за сходно да биде присутен да дискутира или барем да гласа или да не гласа, да гласа против за еден од амандманите. Тоа уште еднаш го покажува вашиот однос кон македонските национални интереси, односот на ВМРО-ДПМНЕ кон националните интереси на Република Македонија со неподдршката на уставните амандмани пред се од аспект на европерспективите и евроинтеграциите на Република Македонија.

Тоа е неприфатливо, меѓутоа, одговорноста е ваша.

**Љупчо Јордановски:** Господине Жерновски имате три минути.

Молам, кој има реплика?

Видете, јас нема да навлегувам во реплики и контра-реплики, само сакам да ги слушнам ставовите.

Имате една минута господине Китаноски.

**Илија Китаноски:** Една, една фала Богу.

Господине Кондарко, а и за целата јавност, мислам дека на претходната седница координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ го образложи отсуството на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ господинот Груевски. Во моментот и во претходните години беше во Хаг во посета на Љубе Бошковски и Јохан Тарчуловски, беше во Брисел каде што оствари низа средби и каде лобираше за интересите на Република Македонија пред конечното мислење од Европската унија.

Во овој момент се наоѓа во посета на Република Кина на покана на тамошното раководство.

Повторно во интерес на Република Македонија застапувајќи ги токму нејзините интереси и интересите на нејзините граѓани.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, повелете господине Жерновски, три минути.

**Андреј Жерновски:** Благодарам претседателе, јас бев, како и останатите пратеници воодушевен кога заедно се договоривме со консензус дека ќе градиме заедно европска иднина на Република Македонија. За жал, пратеници колеги од ВМРО-ДПМНЕ останавте осамени во заложбата да го правите токму она што го ветивте овде и како што сите се залагавте. Јас можам само да им честитам на останатите опозициони парламентарни партии што се држат до договорот

река заедно ќе го гласаме она што Европа го бара од нас и она што треба ние да им го понудиме на граѓаните.

Не може од една страна да зборувате дека е тоа консензус и дека вие учествувате заедно со сите, со власта, со опозицијата, не е битно, во градењето на таа европска иднина на сите граѓани на Република Македонија, од друга страна да гласате против законите кои ни го овозможуваат тој пат. Велите дека ова е по барање на Владата на Република Македонија, тоа воопшто не е точно, немојте да ја депримирате јавноста, ќе го прочитам ставот што вчера го донесовме токму од Брисел со еден извонреден настап на сите парламентарни партии кои беа присутни.

Се поканува Владата на Република Македонија да преземе натамошни чекори за консолидирање на владеењето на правото особено во поглед на реформите во полицијата и ефикасноста на судството и ја охрабрува државата да се посвети на измени на Уставот во согласност со препораките на Советот на Европа.

Ако сакате да ги читате внимателно работите, јас би ве замолил тоа и да го правите. Верувајте дека држава не можеме да градиме со инает. Се согласувам со останатите колеги, ако сметате дека е ова битен став, тогаш тоа требаше да го каже претседателот кој е и пратеник и не разбирам како во овој момент тој во Кина лобира за реформите на судството, а не овде. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Ѓорчев, вашите три минути да го кажете ставот.

**Марјан Ѓорчев:** Земјоделската народна партија гласаше против уставните амандмани во пакет од две причини. Не би биле консеквентни ако го пренебрегнеме фактот дека од 1990 година во Македонија владее политички плурализам, а не социјалистичкиот работен народ во Република Македонија. Логично е и потребно е да има различни размислувања по секоја точка, а дали сме успеале, ќе покаже времето.

Прво, секоја реформа на законот подразбира долгорочен процес, а камоли реформа на Уставот. Овој процес почна во мај 2005 година, а требаше да почне во мај 2003 година кога на политички начин недостоиствено ги пензиониравте, од политички причини, членовите на Републичкиот судски совет и потоа низ политичка акција успеавте да дојдете до ситуација како позиција сега да промовирате европски принципи за кои барате порано едноумно, а сега консензуално решение.

Во тој контекст не сме ние помалку блиски до Европа отколку сте вие драги мои почитувани колеги, позиционери, меѓутоа, си имаме свое размислување, Европа и тоа ќе знае да го цени, ќе знаеме ние тоа да го образложиме и уште една причина што е многу важна. Кога се носат уставни амандмани барем да имаше симулирани модели на еден законски проект како ќе изгледа подобрата организација и ефикасност во судството. Само идеи, размисли за такво или вакво мнозинство на едно место двотретинско мнозинство, на друго просто мнозинство, на едно место Бадентерово мнозинство, на друго нема Бадентерово мнозинство, едноставно конфузија, а ќе ве потсетам пред неколку месеци или повеќе од 7-8 месеци донесовме уставни измени во делот на прислушкувањето, па еве законот уште го нема. Да не ни се случи истото, немавте ни еден подготвен законски проект кој ќе елаборира како ќе изгледа уставниот амандман во пракса, на кој начин ќе се бираат судиите во Државниот судски совет, на територијален, функционален, мешовит состав, на кој начин тоа ќе биде изведено. Едноставно со ваков пристап каде се бара само консензуална, едноумна одлука без да се има предвид дека постојат и грешки, дека постојат и промашувања, дека треба да се има предвид и мислењето на малцинството за кое претседателот дури и сонува сонови дека има право и малцинството да каже нешто, еве ние сме сега малцинство, па почитувајте го тоа малцинство, нека сме и 8 души што гласавме и мислиме поинаку и нека тоа биде наш македонски сон и во иднина. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Да, јас го почитувам правото на малцинствата ако е достоинствено кажано. Но, господинот Китаноски беше малку поинаков од тоа.

Повелете господине Макрадули, вашите три минути.

**Јани Макрадули:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колешки и колеги пратеници, согласно заклучоците и препораките на Извештајот на Европската комисија Република Македонија има функционална демократија со стабилни институции во кои се гарантира владеењето на правото и почитувањето на основните права. Тоа е мислење на Европската комисија оние кои треба да не оценат дали сме или не сме кадарни за да се приближиме во она каде сите посакуваме или 92% од граѓаните на Република Македонија.

Позитивното мислење на Европската комисија неколку пати се кажа, ќе ја направи Македонија предвидлива во идниот период затоа што ги знаеме насоките, правците и активностите кои треба да ги направиме. Од таа предвидливост два субјекти имаат многу позитивен ефект, а тоа се граѓаните затоа што ќе знаат дали таа предвидливост ја следиме преку транспарентната работа на сите влади кои ќе дојдат на ред, бидејќи тоа ќе биде неминовно и се разбира бизнис заедницата, бидејќи таа предвидливост ќе и гарантира право и заштита на капиталот што сакаат да го инвестираат во Република Македонија.

Затоа позитивното мислење од Европската комисија не треба да го злоупотребиме за тесно партиски интереси, туку напротив, консензуално да говориме во следните чекори за Република Македонија.

Пратеничката група на СДСМ овие измени на Уставот ги гледа како услов третата власт дефинитивно да го отстрани секој сомнеж за независност и да се зајакне позицијата на судската власт во Република Македонија.

Законите кои ќе следат после ова прогласување се надеваме ќе понудат добри решенија, заеднички, со помош од сите и позициони и опозициони партии онака како што заеднички ги направивме за време на овие уставни измени.

Ефикасното остварување на правата на граѓаните и заштитата на капиталот, согласно европските стандарди, со еден збор ќе дојде во Македонија побрзо до правдата.

Овие измени ќе придонесат јакнење на институции и поголеми можности за привлекување на странските инвестиции.

Се надевам граѓаните ќе препознаат и ќе оценат за свесноста на политичките партии во овој момент дали алиби декларации ни се потребни или вистинско гласање за работите кои претставуваат државен интерес од највисок ранг. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени повеќе за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Пред тоа ги молам сите пратеници да влезат во салата.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Уставен закон за спроведување на амандманите од 20 до 30 на Уставот на Република Македонија.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 94 пратеници, 85 гласале за, еден воздржан, 8 против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на уставниот закон.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 95 пратеници, 86 за, еден воздржан, 8 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на Уставниот закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на уставниот закон.

Пратеникот Јани Макрадули поднесе амандман на насловот на Предлогот на уставниот закон и на членовите 1, 3 и 7 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на уставниот закон и на членовите 1, 3 и 7 поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Уште еднаш ве потсетувам дека Собранието на Република Македонија согласно член 133 став 2, од Уставот на Република Македонија донесува уставен закон за спроведување на амандманите на Уставот на Република Македонија со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Предлогот на уставниот закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 94 пратеници, 86 за, еден воздржан, 7 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Уставниот закон за спроведување на амандманите од 20 до 30 на Уставот на Република Македонија.

Врз основа на член 133 став 3, од Уставот на Република Македонија уставниот закон го прогласува Собранието.

Предлагам Собранието да ја донесе следната одлука.

Врз основа на член 133 став 3, од Уставот на Република Македонија Собранието на Република Македонија на седница одржана на 7 декември 2005 година донесе Одлука за прогласување на уставниот закон за спроведување на амандманите од 20 до 30 на Уставот на Република Македонија.

Се прогласува Уставниот закон за спровеудвање на амандманите од 20 до 30 на Уставот на Република Македонија што го донесе Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 7 декември 2005 година.

Ве потсетувам дека Собранието на Република Македонија донесува одлука за прогласување на Уставниот закон за спроведување на амандманите од 20 до 30 на Уставот на Република Македонија со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Предлогот на Одлуката за прогласување на уставниот закон за спроведување на амандманите од 20 до 30 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 93 пратеници, 86 гласале за, нема воздржан, 7 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за прогласување на Уставниот закон за

спроведување на амандманите од 20 до 30 на Уставот на Република Македонија.

Бидејќи дневниот ред е исцпен, ја заклучувам 114-та седница на Собранието на Република Македонија.

Продолжуваме со вчерашната седница во 15,00 часот.

Седницата заврши во 13,47 часот.

(Пауза до 15,00 часот).